**20111583444**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СИГУРНОСТ ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СИСТЕМ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за сигурност во железничкиот систем,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 10 ноември 2011 година.

Бр. 07-4703/1
10 ноември 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СИГУРНОСТ ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СИСТЕМ

Член 1

Во Законот за сигурност во железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија“ број 48/10, 23/11 и 53/11), во членот 3 по точката 22 се додава нова точка 23, која гласи:

„23. „Друг железнички работник“ е физичко лице коешто е вработено во редовен работен однос или по договор кај управителот на железничката инфраструктура или железничкиот превозник, освен машиновозач;“.

Точките 23 и 24 стануваат точки 24 и 25.

Член 2

Во членот 9 став (4) точката в) се менува и гласи:

„в) резултати од внатрешната контрола од аспект на сигурноста и“.

Член 3

Во членот 10 став (2) точка ѕ) зборот „ревизија“ се заменува со зборот „контрола“.

Член 4

Во членот 13 став (4) по зборот „возила“ се додаваат зборовите: „издава потврда за техничката исправност на возилата со која“.

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:



www.pravdiko.com

„(5) За издадените потврди од ставот (4) на овој член се плаќа надоместок во висина и на начини утврдени од страна на субјектот задолжен за одржување на железнички возила. На висината на надоместокот согласност дава министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на железничкиот сообраќај и железничка инфраструктура.“

Ставот (5) станува став (6).

Ставовите (6) кој станува став (7) се менува и гласи:

„(7) Субјектот задолжен за одржување на железнички возила, треба да поседува сертификат за одржување на железнички возила.“

Ставот (7) кој станува став (8) се менува и гласи:

„(8) Сертификатот за одржување на железнички возила на писмено барање на субјектот задолжен за одржување на железнички возила го издава органот за сигурност. За издадени сертификати органот за сигурност води Регистар на издадени сертификати.“

Ставот (8) кој станува став (9) се менува и гласи:

„(9) За издавање на сертификатот од ставот (7) на овој член се плаќа надоместок. Висината на надоместокот ја утврдува органот за сигурност врз основа на реалните трошоци потребни за издавање на сертификатот на која согласност дава министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на железничкиот сообраќај и железничка инфраструктура.“

Ставот (9) кој станува став (10) се менува и гласи:

“(10) За добивање на сертификат за одржување на железнички возила, субјектот задолжен за одржување треба да има вработено најмалку пет лица со висока стручна подготовка VII-1 степен или минимум 240 кредити според ЕКТС, од кои тројца дипломирани машински инженери, двајца дипломирани сообраќајни инженери од насоката железнички сообраќај и транспорт и еден електроинженер, со најмалку пет години работно искуство во струката и друг технички персонал, како и да има соодветен деловен простор, опрема и уреди.“

Ставот (10) кој станува став (11) се менува и гласи:

„(11) Со сертификатот за одржување на железнички возила се потврдува дека субјектот задолжен за одржување на железнички возила ги одржува возилата согласно со ставот (4) на овој член.“

Ставот (11) кој станува став (12) се менува и гласи:

„(12) Сертификатот издаден на субјектот задолжен за одржување на железнички возила се издава за период од пет години со можност за обновување со поднесување на барање од страна на субјектот задолжен за одржување на железнички возила во рок од 30 дена пред истекот на рокот за кој е издаден. Податоците во сертификатот треба да се ажурираат целосно или делумно секогаш кога видот или обемот на работењето значително се изменети.“

Ставот (12) кој станува став (13) се менува и гласи:

„(13) Органот за сигурност донесува одлука по поднесеното писмено барање за издавање на сертификат за одржување на железнички возила во што е можно пократок рок, но не повеќе од еден месец по доставување на сите релевантни податоци. Одлуката се доставува до субјектот задолжен за одржување на железничките возила - барател, а доколку барањето се одбива, во одлуката се наведуваат причините за истото.“

По ставот (13) се додаваат шест нови става (14), (15), (16), (17), (18) и (19), кои гласат:

„(14) Против одлуката со која барањето за издавање на сертификат за одржување на железнички возила се одбива, може да се поднесе тужба до Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

(15) Поблиските критериуми во поглед на стручната подготовка на другиот технички персонал, деловниот простор, опремата и уредите кои треба да ги поседува субјектот

задолжен за одржување на железнички возила ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на железничкиот сообраќај и железничка инфраструктура.

(16) Доколку органот за сигурност утврди дека субјектот задолжен за одржување на железнички возила од ставот (1) на овој член не ги исполнува условите пропишани со ставовите (10 ) и (15) на овој член, му го одзема сертификатот.

(17) Кога субјектот задолжен за одржување на железнички возила е превозник или управител на инфраструктура исполнувањето на техничките барањата за одржување на железнички возила се проверува од страна на органот за сигурност, согласно со постапките за издавање на одобрение за сигурност и сертификат за сигурност утврдени со закон и истото се евидентира во одобрението за сигурност и сертификатот за сигурност.

(18) Начинот и постапката за одржување на железнички возила, начинот на водење на евиденција за извршено одржување на железничките возила, како и формата и содржината на образецот на потврдата за техничка исправност на возилото ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на железничкиот сообраќај и железничка инфраструктура.

(19) Формата и содржината на барањето и упатството за пополнување на барањето за издавање на сертификат на субјектот задолжен за одржување на железнички возила, формата и содржината на образецот на сертификатот за одржување на железнички возила, како и формата и содржината на регистарот на издадени сертификати ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на железничкиот сообраќај и железничка инфраструктура.“

Член 5

Во членот 14 став (1) по зборовите: „Истрагата за“ се додава зборот „случени“, а по зборовите: „Комитет за водење на“ се додаваат зборовите: “истрага за случени“.

Член 6

Во членот 16 ставот (1) се менува и гласи:

„Истрагата за случени сериозни несреќи, несреќи и инцидент согласно со членот 14 од овој закон се врши од Комитет како постојано тело, кое е составено од најмалку двајца иследници, кои се стручни лица од областа на железницата и се во редовен работен однос во Генералниот секретаријат при Владата на Република Македонија, од кои еден се именува за одговорен иследник. Комитетот е независен во својата организација и во донесување на одлуки од секој управител на инфратсруктурата, превозникот, органот за сигурност, Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор и Министерството за транспорт и врски.“

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Иследниците од ставот (1) на овој член треба да имаат завршено најмалку високо образование (VII-1 степен или минимум 240 кредити според ЕКТС) од областа на машинските, електротехничките, сообраќајните или градежните науки, со работно искуство од најмалку пет години од областа на железничкиот сообраќај и/или железничката инфраструктура, со активно познавање на англиски јазик и познавање на прописите од областа на железницата.“

Ставот (2) станува став (3).

Ставот (3) кој станува став (4) се менува и гласи:

„(4) Управителот на инфраструктурата, превозникот и во одредени случаи органот за сигурност, се должни веднаш да доставаат известување за случената сериозна несреќа, несреќа и инцидент согласно со членот 14 од овој закон до Комитетот, кој треба веднаш да ги направи потребните подготовки за започнување со истрагата.“



www.pravdiko.com

Ставовите (4), (5) и (6) стануваат ставови (5), (6) и (7).

Член 7

Во членот 17 став (3) по зборовите: „секогаш кога во“ се додаваат зборовите: “сериозната несреќа“.

Член 8

Во членот 18 став (1) зборот „извештај“ се заменува со зборовите: „иследнички извештај од увид и иследување“.

Во ставот (4) по зборот „Содржината“ се додаваат зборовите: „и формата“. По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Постапките за вонредни настани случени во железничкиот сообраќај поблиску ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на железничкиот сообраќај и железничка инфраструктура во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на внатрешните работи и министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството.“

Член 9

Во членот 28 ставот (2) се менува и гласи:

„Формата и содржината на образецот на барањето за утврдување на физичката и психолошката способност, начинот на нивното утврдување, проверките и роковите за редовен и вонреден преглед на машиновозач ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на железничкиот сообраќај и железничка инфраструктура.“

Член 10

Во членот 30 став (2) по точката се додаваат две нови реченици кои гласат: „За издавањето на дозвола се плаќа надоместок. Висината на надоместокот ја утврдува органот за сигурност врз основа на реалните трошоци потребни за издавање на дозвола на која согласност дава министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на железничкиот сообраќај и железничка инфраструктура.“

Член 11

Во членот 35 став (1) зборовите: „општо стручно познавање“ се заменуваат со зборовите: “општа професионална способност“.

Ставовите (3), (4), (5), (6) и (7) се бришат.

Член 12

По членот 35 се додаваат три нови члена 35-а, 35-б и 35-в, кои гласат:

**“Центар за обука**

Член 35-а

(1) Обуката за општа професионална способност се спроведува од овластено правно лице - Центар за обука.

(2) За добивање на овластување за вршење на обука за општа професионална способност правното лице од ставот (1) на овој член треба да ги исполнува следниве услови, и тоа да:

- поседува простор опремен за одржување на обуката,

- поседува информатичка технологија и друга опрема за спроведување на обуката и водење на евиденција,

- изработи стручна литература согласно со програмата за обука за општа професионална способност,

- има најмалку вработено три лица, кои поседуваат овластување за вршење на обука за општа професионална способност и

- има најмалку вработено три лица со овластување за испитувачи за општа професионална способност.

(3) Овластувањето на правното лице од ставот (1) на овој член на негово писмено барање го издава органот за сигурност. За издадените овластувања органот за сигурност води Регистар на издадени овластувања.

(4) Формата и содржината на Регистарот од ставот (3) на овој член ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на железничкиот сообраќај и железничка инфраструктура.

(5) За издадените овластувања од ставот (3) на овој член се плаќа надоместок. Висината на надоместокот ја утврдува органот за сигурност врз основа на реалните трошоци потребни за издавање на овластувањето на која согласност дава министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на железничкиот сообраќај и железничка инфраструктура.

(6) Органот за сигурност донесува одлука по поднесеното писмено барање за издавање на овластување за вршење на обука за општа професионална способност во што е можно пократок рок, но не повеќе од еден месец по доставување на сите релевантни податоци. Одлуката се доставува до правното лице - подносител на барањето, а доколку барањето се одбива, во одлуката се наведуваат причините за истото.

(7) Против одлуката од ставот (6) на овој член може да се поднесе тужба до Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

(8) Овластувањето на правното лице за вршење на обука за општа професионална способност е со важност од најмногу четири години.

(9) Доколку органот за сигурност утврди дека правното лице од ставот (1) на овој член не ги исполнува условите утврдени со ставот (2) на овој член, го одзема овластувањето.

(10) Обуката се врши континуирано, согласно со програми за обука на машиноводачи и системи за обука, со цел да се обезбеди дека компетентноста на машиноводачите е задржана и дека задачите се извршуваат соодветно.

(11) По завршената обука на кандидатите им се издава потврда.

(12) Формата и содржината на барањето и упатство за пополнување на барањето за овластување на правното лице за вршење на обука за општа професионална способност, формата и содржината на образецот на овластувањето, како и програмата за обука за општа професионална способност, за стручно познавање и компетентност во врска со железничкото возило и за стручно познавање и компетентност во врска со железничката инфраструктура ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на железничкиот сообраќај и железничка инфраструктура.

(13) Формата и содржината на барањето за обука за општа професионална способност, како и формата и содржината на образецот на потврдата за успешно завршена обука ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на железничкиот сообраќај и железничка инфраструктура.



www.pravdiko.com

**Овластени обучувачи**

Член 35-б

(1) Обуката за општа професионална способност согласно со членот 28 став (1) алинеја 4 од овој закон, јазичното познавање согласно со членот 29 став (1) алинеја 1 од овој закон, стручното познавање и компетентност во врска со железничкото возило согласно со членот 29 став (1) алинеја 2 од овој закон и обуката која се однесува на стручно познавање и компетентност во врска со железничката инфраструктура согласно со членот 29 став (1) алинеја 3 од овој закон вклучувајќи го и познавањето на делниците и правилата и постапките за работење, се извршува од овластени лица - обучувачи.

(2) За добивање на овластување за вршење на обука за општа професионална способност, за стручно познавање и компетентност во врска со железничкото возило и за стручно познавање и компетентност во врска железничката инфраструктура, лицата - кандидати треба да ги исполнуваат следниве услови: да имаат високо образование - градежен, машински, сообраќаен или електротехнички факултет со VII-1 степен на стручна подготовка или минимум 240 кредити според ЕКТС, со најмалку пет години работно искуство во областа на железничкиот сообраќај, односно железничката инфраструктура и познавање на најмалку еден странски јазик (англиски, француски или германски).

(3) Овластувањата за обучувачи за општа професионална способност, за стручно познавање и компетентност во врска со железничкото возило и за стручно познавање и компетентност во врска со железничката инфраструктура, ги издава органот за сигурност на писмено барање од заинтересираните лица - кандидати. За издадените овластувања органот за сигурност води Регистар на издадени овластувања за обучувачи за општа професионална способност, за стручно познавање и компетентност во врска со железничкото возило и за стручно познавање и компетентност во врска со железничката инфраструктура.

(4) За издадените овластувања од ставот (3) на овој член се плаќа надоместок. Висината на надоместокот ја утврдува органот за сигурност врз основа на реалните трошоци потребни за издавање на овластувањето на која согласност дава министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на железничкиот сообраќај и железничка инфраструктура.

(5) Органот за сигурност донесува одлука по поднесеното писмено барање од ставот (3) на овој член во што е можно пократок рок, но не повеќе од еден месец по доставување на сите релевантни податоци. Одлуката се доставува до лицето - кандидат, а доколку барањето се одбива, во одлуката се наведуваат причините за истото.

(6) Против одлуката донесена од органот за сигурност може да се поднесе тужба до Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

(7) Овластувањата за обучувачи за вршење на обука на машиновозачи за општа професионална способност, за стручно познавање и компетентност во врска со железничкото возило и за стручно познавање и компетентност во врска со железничката инфраструктура, се со важност од најмногу две години.

(8) Овластувањата за вршење на обука за општа професионална способност, за стручно познавање и компетентност во врска со железничкото возило и за стручно познавање и компетентност во врска со железничката инфраструктура, органот за сигурност ќе ги одземе доколку утврди дека обучувачот не ги исполнува условите утврдени во ставот (2) на овој член.

(9) При вршењето на обуката за општа професионална способност, за стручно познавање и компетентност во врска со железничкото возило и за стручно познавање и



www.pravdiko.com

компетентност во врска со железничката инфраструктура на кандидатите треба да им се овозможи праведен и недискриминаторски пристап до обуката, која е неопходна за исполнување на условите за добивање дозвола и сертификат.

(10) Формата и содржината на барањето и упатството за пополнување на барање за овластување на лицата - обучувачи за вршење на обука на машиновозачи за општа професионална способност, за стручно познавање и компетентност во врска со железничкото возило и стручно познавање и компетентност во врска со железничката инфраструктура, формата и содржината на образецот на овластувањето, како и формата и содржината на Регистарот на издадени овластувања ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на железничкиот сообраќај и железничка инфраструктура.

**Програми за обука**

Член 35-в

(1) Обуката за стручно познавање и компетентност во врска со железничкото возило и за стручно познавање и компетентност во врска со железничката инфраструктура ја спроведува превозникот, односно управителот на инфраструктурата во зависност од тоа каде е вработен машиновозачот.

(2) Начинот и постапката за спроведување на обуката за стекнување на стручно познавање и компетентност во врска со железничкото возило и за стручно познавање и компетентност во врска со железничката инфраструктура, формата и содржината на барањето за обука, како и формата и содржината на образецот на потврдата за успешно спроведена обука ги пропишуваат превозникот, односно управителот на инфраструктурата во согласност со својот систем за сигурносно управување од членовите 9 и 10 од овој закон.“

Член 13

Членот 37 се менува и гласи:

“(1) Испитот за општа професионална способност го организира и спроведува овластеното правно лице од членот 35 став (1) од овој закон.

(2) Полагањето на испитот од ставот (1) на овој член се врши пред комисија од три члена - овластени испитувачи, формирана од овластеното правно лице за обука од членот 35 став (1) од овој закон.

(3) Испит за стручно познавање и компетентност во врска со железничкото возило и за стручно познавање и компетентност во врска со железничката инфраструктура, како и периодичните проверки на знаењето на машиновозач го организира и спроведува превозникот, односно управителот на инфраструктурата во согласност со својот систем за сигурносно управување од членовите 9 и 10 од овој закон.

(4) Полагањето на испитот од ставот (3) на овој член се врши пред комисија составена од три члена - овластени испитувачи, формирана од превозникот, односно управителот на инфраструктура.“

Член 14

По членот 37 се додаваат седум нови члена 37-а, 37-б, 37-в, 37-г, 37-д и 37-ѓ и 37-е, кои гласат:

**„Овластени испитувачи**

Член 37-а

(1) За добивање овластување за овластен испитувач за општа професионална способност, за стручно познавање и компетентност во врска со железничкото возило и за стручно познавање и компетентност во врска со железничката инфраструктура, лицата - кандидати треба да ги исполнуваат следниве услови: да имаат високо образование - градежен, машински, сообраќаен, или електротехнички факултет со VII-1 степен на стручна подготовка или минимум 240 кредити според ЕКТС, со најмалку пет години работно искуство во областа на железничкиот сообраќај, односно железничката инфраструктура и познавање на најмалку еден странски јазик (англиски, француски или германски).

(2) Овластувањата за испитувачи за општа професионална способност, за стручно познавање и компетентност во врска со железничкото возило и за стручно познавање и компетентност во врска со железничката инфраструктура на писмено барање од лица - кандидати го издава органот за сигурност. За издадените овластувања органот за сигурност води Регистар на издадени овластувања за испитувачи за општа професионална способност, за стручно познавање и компетентност во врска со железничкото возило и за стручно познавање и компетентност во врска со железничката инфраструктура.

(3) За издавање на овластувања од ставот (2) на овој член се плаќа надоместок. Висината на надоместокот ја утврдува органот за сигурност врз основа на реалните трошоци потребни за издавање на овлсатувањето на која согласност дава министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на железничкиот сообраќај и железничка инфраструктура.

(4) Органот за сигурност донесува одлука по поднесеното писмено барање од ставот (2) на овој член во што е можно пократок рок, но не повеќе од еден месец по доставување на сите релевантни податоци. Одлуката се доставува до лицето - кандидат, а доколку барањето се одбива, во одлуката се наведуваат причините за истото.

(5) Против одлуката од ставот (4) на овој член може да се поднесе тужба до Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

(6) Овластувањата за испитувачи за општа професионална способност, за стручно познавање и компетентност во врска со железничкото возило и за стручно познавање и компетентност во врска со железничката инфраструктура, се со важност од најмногу две години.

(7) Доколку органот за сигурност утврди дека овластеното лице - испитувач не ги исполнува условите пропишани во ставот (1) на овој член, му го одзема овластувањето.

Член 37-б

(1) Испитите од членот 37 ставови (1) и (3) од овој закон се организираат така што да се избегне секаков конфликт на интереси, без разлика дали овластениот испитувачот е од редот на вработените на превозникот или управителот на инфраструктура, кој го издава сертификатот.

(2) По завршената обука се спроведува испит. Испитот се состои од теоретски и практичен дел. Практичниот дел се оценува преку тестови за способноста за управување на железничко возило на железничката мрежа. Во особено тешки ситуации, при спроведувањето на практичниот дел од испитот, на примената на оперативните правила и практично возење на машиновозачот може да се користи симулатор.

(3) За обуката и спроведениот испит за општа професионална способност се плаќа надоместок од страна на превозникот или управителот на железничката инфраструктура. Висината на надоместокот ја утврдува правното лице од членот 35-а став (1) од овој закон,



www.pravdiko.com

врз основа на реалните трошоци потребни за извршената обука и спроведениот испит на која согласност дава министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на железничкиот сообраќај и железничка инфраструктура.

(4) На лицето кое го положило испитот му се издава уверение за положен испит.

(5) Формата и содржината на барањето и упатството за пополнување на барање за овластување на лицата - испитувачи на машиновозачи за општа професионална способност, за стручно познавање и компетентност во врска со железничкото возило и за стручно познавање и компетентност во врска со железничката инфраструктура, формата и содржината на образецот на овластувањето, како и формата и содржината на Регистарот на издадени овластувања ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на железничкиот сообраќај и железничка инфраструктура.

(6) Формата и содржината на барањето на машиновозач за полагање на испит за општа професионална способност, како и формата и содржината на образецот на уверението за положен испит како и начинот и постапката за полагање на испитот, ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на железничкиот сообраќај и железничка инфраструктура.

(7) Начинот и постапката за полагање на испит за стручно познавање и компетентност во врска со железничкото возило, односно за полагање на испит за стручно познавање и компетентност во врска со железничката инфраструктура, периодичните проверки, формата и содржината на образецот на барањето за полагање на испит и формата и содржината на образецот на уверението за положен испит ги пропишуваат превозникот, односно управителот на инфраструктурата во согласност со својот систем за сигурносно управување од членовите 9 и 10 од овој закон.

**Условите што треба да ги исполнуваат другите железнички работници кои непосредно учествуваат во вршењето на железничкиот сообраќај**

Член 37-в

(1) Другите железнички работници кои непосредно учествуваат во работата и одвивањето во железничкиот сообраќај мора да ги исполнуваат условите во поглед на стручната и здравствената способност утврдени со овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, како и условите во поглед на здравствената способност утврдени со прописите од областа на здравството.

(2) Работните задачи и работното време на другите железнички работници ги определува управителот на инфраструктурата, односно превозникот со свој акт, во согласност со својот систем за сигурносно управување од членовите 9 и 10 од овој закон.

**Стручна способност**

Член 37-г

(1) Другите железнички работници, во зависност од работата која ја извршуваат, мора да имаат завршено средно техничко образование, завршена практична работа под надзор и положен стручен испит за тој вид на работа, согласно со програмата за стручна способност.

(2) Практичната работа под надзор и испитот од ставот (1) на овој член ги организира и спроведува управителот на инфраструктурата, односно превозникот. За успешно завршената практична работа под надзор, на железничкиот работник му се издава потврда, а за положен стручен испит уверение. За издадените уверенија управителот на

инфраструктурата, односно превозникот водат Регистар за издадени уверенија за положен стручен испит.

(3) Железничките работници од ставот (1) на овој член, во зависност од работата која ја извршуваат, мора постојано стручно да се усовршуваат, а нивното знаење подлежи на редовна, а по потреба и на периодична проверка. Редовната проверка на стручната способност се врши на секои три години.

(4) Начинот и постапката за стекнување на стручна способност, програмата за стручна способност, стручното усовршување, редовното и периодичното проверување на знаењето на другите железнички работници кои непосредно учествуваат во рабатата и одвивањето на железничкиот сообраќај, формата и содржината на образецот на барањето за полагање на испит, како и формата и содржината на образецот на потврдата и на уверението од ставот (2) на овој член ги пропишува управителот на инфраструктурата, односно превозникот, во согласност со својот систем за сигурносно управување од членовите 9 и 10 од овој закон.

**Здравствена способност**

Член 37-д

(1) Другите железнички работници, во зависност од работите кои ги извршуваат мора да ги исполнуваат пропишаните здравствени барања и да бидат психофизички и телесно способни за вршење на соодвтената работа.

(2) Здравствената способност на другите железнички работници мора да се проверува редовно, а по потреба и вонредно согласно со прописот од ставот (6) на овој член.

(3) Утврдувањето и проверувањето на здравествената способност на другите железнички работници на писмено барање на превозникот или управителот на железничката инфраструктура се извршува со здравествен преглед.

(4) Здравствениот преглед од ставот (3) на овој член се врши во здравствена установа, која исполнува пропишани услови и е овластена од министерот за здравство.

(5) Здравствената установа за извршените здравствени прегледи води евиденција и е должна истата да ја чува најмалку пет години.

(6) Формата и содржината на образецот на барањето за утврдување на здравствената спосбност, начинот на утврдување, проверките и роковите за редовен и вонреден здравствен преглед на другите железнички работници ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на железничкиот сообраќај и железничка инфраструктура.

Член 37-ѓ

(1) Другите железнички работници не смеат да почнат да вршат работа ако во толкава мера се уморени или болни или се во таква психофизичка состојба или под дејство на опојни droги или психотропни супстанции, така што не се способни да ги вршат доверените работи.

(2) Другите железнички работници мора да имаат доказ за настанатата состојба од ставот (1) на овој член од матичен лекар.

(3) Другите железнички работници кои во текот на вршењето на своите работи се чувствува уморени или болни или од кои и да било други причини се неспособни за натамошно вршење на работите се должни за тоа да го известат по писмен пат непосредниот раководител и да прекинат да ја вршат работата ако оценат дека не може безбедно да ги вршат своите работи и задачи. Непосредниот раководител е должен таквиот работник веднаш да го упати на вонреден здравствен преглед.

Член 37-е

(1) Другите железнички работници не смеат да почнат да ја вршат својата работа ако во организмот имаат алкохол и/или други психотропни супстанции, ниту во текот на работата смеат да конзумираат алкохол и/или други психотропни супстанции.

(2) Другите железнички работници се должни на барање на овластен работник да се подложат на испитување за проверка на присуството на алкохол и за проверка на присуство на други психотропни супстанции во организмот.

(3) Другите железнички работници кај кои со испитување ќе се утврди присуство на алкохол и/или други психотропни супстанции во организмот ќе се смета дека се под дејство на алкохол и/или други психотропни супстанции.

(4) Начинот и постапката на утврдување на присутноста на алкохол и/или други психотропни супстанции во организмот на другите железнички работници ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на здравството.“

Член 15

Во членот 40 став (3) зборовите: „еден странски“ се заменуваат со зборовите: „англиски или француски или германски“.

Член 16

Во членот 45 став (2) по алинејата 1 се додава нова алинеја 2, која гласи:

„- да води регистер за издадени уверенија на другите железнички работници,“.

Член 17

По членот 49 се додаваат два нови члена 49-а и 49-б, кои гласат:

„Член 49-а

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор инспекторите од членот 46 од овој закон утврдат дека е сторена неправилност од членот 51 став (1) точки 7, 8 и 9 од овој закон, се должни да состават записник во кој ќе ја утврдат сторената неправилност со укажување за отстранување на истата во одреден рок кој не може да биде подолг од 30 дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на постапка за едукација на субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на постапката за едукација ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на железничкиот сообраќај и железничка инфраструктура.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува Управата во рок не подолг од осум дена од денот на извршениот инспекциски надзор.

(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или повеќе субјекти.

(5) Доколку во закажаниот термин субјектот над кој се спроведува едукацијата не се јави на едукацијата ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(6) Доколку субјектот над кој се спроведува едукацијата се јави на едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(7) Доколку инспекторите од членот 46 од овој закон при спроведувањето на контролниот инспекциски надзор утврдат дека се отстранети неправилностите од ставот (1) на овој член ќе донесат заклучок за запирање на постапката за инспекциски надзор.



www.pravdiko.com

(8) Доколку инспекторите од членот 46 од овој закон при вршењето на контролниот надзор утврдат дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член ќе поднесат барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд.

(9) Управата води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на железничкиот сообраќај и железничка инфраструктура.

Член 49-б

Управата за бројот на извршените инспекциски контроли изготвуваат квартални извештаи кои ги објавува на својата веб страница.“

Член 18

Во членот 51 став (1) алинеја 2 зборовите: „товарни вагони“ се заменуваат со зборовите: „железнички возила“.

Во алинејата 7 зборовите: „(член 35 став (3) алинеја 1)“ се заменуваат со зборовите: „(член 35-б став (9))“.

Член 19

Во членот 56 бројот „26“ се заменува со бројот “43“.

Член 20

До воспоставување на системот за сигурносно управување од членовите 9 и 10 од Законот за сигурност во железничкиот систем издавањето на овластувањето на правното лице за вршење на обука за општа професионална способност, овластувања на лица - обучувачи и лица - испитувачи ќе се применува Правилникот за начинот и постапката за стекнување на стручна способност, програмата за стручно оспособување, стручното усовршување, редовното и периодично проверување на знаењето на железнички работник кој непосредно учествува во работата и одвивањето на железничкиот сообраќај, формата и содржината на образецот на потврдата за спроведена практична работа и на уверението за положен испит („Службен весник на Република Македонија“ број 155/2008).

Машиновозачите кои до влегувањето во сила на овој закон се стекнале со дозвола за управување со железничко возило ќе се смета дека ги исполнуваат условите од членот 28 став (1) од Законот за сигурност во железничкиот систем до истекот на важноста на дозволата.

Член 21

Комитетот за водење на истрага за случени сериозни несреќи, несреќи и инциденти во железничкиот систем ќе се основа во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 22

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен подзаконскиот акт од членот 49-а кој ќе се донесе во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 23

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за сигурност во железничкиот систем.



www.pravdiko.com

Член 24

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".



www.pravdiko.com